# АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА
НА ЉУБЉАНСКИОТ АРБИТРАЖЕН ЦЕНТАР
ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЛОВЕНИЈА

# ЉУБЉАНСКИ АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА

[Македонски]

Решаваме спорови
од 1928 година

© Љубљански арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија (ЉАЦ), 2015

Сите права се задржани. Оваа публикација е издадена од Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија.

Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија и неговото лого се регистрирани жигови на Стопанската комора на Словенија.

# АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА
НА ЉУБЉАНСКИОТ АРБИТРАЖЕН ЦЕНТАР
ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЛОВЕНИЈА

# ЉУБЉАНСКИ АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА

[Македонски]

Решаваме спорови
од 1928 година

Љубљански арбитражен центар
при Стопанската комора на Словенија
Димичева улица 13, 1504 Љубљана, Словенија

www.sloarbitration.eu
Секретаријат:
t: +386 1 58 98 180
f: +386 1 58 98 400
arbitraza.lj@gzs.si

# СОДРЖИНА


## ЉУБЉАНСКИ АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА 1

## УВОДНИ ОДРЕДБИ 3

Член 1
Љубљански арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија

Член 2
Примена на правилата

Член 3
Комуникација со ЉАЦ

## ПОЧЕТОК НА АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА 4

Член 4
Почеток на постапката

Член 5
Барање за арбитража

Член 6
Уписна такса 5

Член 7
Одговор на барањето за арбитража

Член 8
Рокови 6

Член 9
Писмена и известувања

Член 10
Одбивање на предметот 7

Член 11
Спојување на постапките

Член 12
Придружување на странка 8

## КОНСТИТУИРАЊЕ НА АРБИТРАЖНИОТ СОВЕТ 8

Член 13
Број на арбитри

Член 14
Именување на арбитри 9
Член 15
Именување на арбитри во случај на сопарничарство
Член 16
Непристрасност и независност на арбитрите 10
Член 17
Потврдување на арбитрите
Член 18
Изземање на арбитрите 11
Член 19
Разрешување на арбитри и именување на заменици арбитри 12

ПОСТАПКА ПРЕД АРБИТРАЖНИОТ СОВЕТ 13

Член 20
Предавање на предметот на советот
Член 21
Водење на постапката
Член 22
Седиште на арбитражата
Член 23
Јазик на постапката 14
Член 24
Меродавно материјално право
Член 25
Временски план за текот на постапката
Член 26
Тужба 15
Член 27
Одговор на тужба
Член 28
Натамошни писмени поднесоци 16
Член 29
Измена на барањето
Член 30
Надлежност на советот
Член 31
Докази 17

Член 32
Усна расправа

Член 33
Сведоци

Член 34
Вештак именуван од страна на советот 18

Член 35
Пропуштање на странките

Член 36
Одрекување од правото на приговор 19

Член 37
Привремени мерки

Член 38
Арбитер за итни случаи 20

Член 39
Завршување на расправата

АРБИТРАЖНА ОДЛУКА 21

Член 40
Донесување на арбитражна одлука и решенија

Член 41
Форма и дејство на арбитражната одлука

Член 42
Рок за донесување на конечна арбитражна одлука 22

Член 43
Порамнување и други причини за завршување на постапката

Член 44
Исправка и толкување на арбитражната одлука и дополнителна одлука 23

ТРОШОЦИ НА АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА 24

Член 45
Трошоци на арбитражата

Член 46
Трошоци на странките 25

Член 47
Аванс за покривање на трошоците на арбитражата

ЗАБРЗАНА АРБИТРАЖНА ПОСТАПКА 26

Член 48
Правила за забрзана арбитражна постапка

ОПШТИ ПРАВИЛА 28

Член 49
Основно правило
Член 50
Доверливост
Член 51
Јазик на правилата
Член 52
Исклучување на одговорноста 29
Член 53
Влегување во сила

ДОДАТОК I
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЉАЦ 33

Член 1
ЉАЦ
Член 2
Задачи на ЉАЦ
Член 3
Претседателство
Член 4
Именување на претседателството 34
Член 5
Секретаријат
Член 6
Именување на генерален секретар 35
Член 7
Работа на ЉАЦ

ДОДАТОК II
ТАРИФА 36

Член 1
Уписна такса

Член 2
Награда за советот
Член 3
Административни трошоци на ЉАЦ 37
Член 4
Трошоци на советот и на ЉАЦ

ДОДАТОК III
ПОСТАПКА ПРЕД АРБИТЕР ЗА ИТНИ СЛУЧАИ 40
Член 1
Арбитер за итни случаи
Член 2
Барање за постапка пред арбитер за итни случаи
Член 3
Именување на арбитер за итни случаи 41
Член 4
Седиште на постапката пред арбитерот за итни случаи 42
Член 5
Водење на постапката пред арбитерот за итни случаи
Член 6
Одлука за привремена мерка
Член 7
Дејство на привремената мерка 43
Член 8
Трошоци на постапката 44
Член 9
Општо правило

ДОДАТОК IV
ТАРИФА НА ТРОШОЦИ ЗА ЗАБРЗАНА АРБИТРАЖНА ПОСТАПКА СОГЛАСНО СО ЧЛЕНОТ 48 ОД АРБИТРАЖНИТЕ ПРАВИЛА НА ЉУБЉАНСКИОТ АРБИТРАЖЕН ЦЕНТАР ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЛОВЕНИЈА 45
Член 1
Уписна такса

Член 2
Награда за советот 45
Член 3
Административни трошоци на ЉАЦ 46
Член 4
Трошоци на советот и на ЉАЦ
Член 5
Влегување во сила

СТАНДАРДНИ АРБИТРАЖНИ КЛАУЗУЛИ 49
Арбитражна постапка 51
Забрзана арбитражна постапка 52
Арбитражна постапка без арбитер за итни случаи 53
Примена на стандардните арбитражни клаузули 54

Ова е официјален превод на Љубљанските арбитражни правила на македонски јазик, кои во оригинал се составени на англиски јазик. Во случај на несогласување на текстовите, ќе преовлада текстот на англиски јазик.

# АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА

## НА ЉУБЉАНСКИОТ АРБИТРАЖЕН ЦЕНТАР
## ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЛОВЕНИЈА

# УВОДНИ ОДРЕДБИ

## Член 1
**Љубљански арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија**

Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија (ЉАЦ), познат и како Постојан арбитражен суд при Стопанската комора на Словенија е самостојна и независна институција, која дава поддршка и го организира решавањето на домашните спорови и на споровите со меѓународен елемент, во согласност со Арбитражните правила на Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија (правила) и со другите правила и постапки за коишто странките се договориле. Органи на ЉАЦ се претседателството и секретаријатот. Организацијата на ЉАЦ е регулирана со Додатокот I.

## Член 2
**Примена на правилата**

1. Ако странките се договориле, дека спорот ќе го решава арбитражен совет, кој е конституиран во согласност со овие правила или дека спорот ќе го предадат на решавање на ЉАЦ, се смета дека се согласиле со примената на овие правила ако арбитражната постапка е поведена по нивното влегување во сила.
2. Додатоците I, II и III се составен дел на овие правила.
3. Ако арбитражната спогодба е склучена пред влегувањето во сила на овие правила, одредбите од членовите 11 и 12 од овие правила и Додатокот III нема да се применуваат, освен ако странките не се договорат поинаку.

## Член 3
**Комуникација со ЉАЦ**

Комуникацијата на странките со ЉАЦ се одвива на словенечки или на англиски јазик.

# ПОЧЕТОК НА АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

**Член 4**
**Почеток на постапката**

Арбитражната постапка почнува кога ЉАЦ ќе го прими барањето за арбитража.

**Член 5**
**Барање за арбитража**

1. Барањето за арбитража мора да содржи:
   i. имиња, адреси и податоци за контакт (електронски адреси, телефонски броеви, телефакс броеви) на странките и нивните полномошници,
   ii. копија од арбитражната спогодба, или ако не постои посебна исправа за тоа, опис и евентуални докази за постоење на арбитражната спогодба,
   iii. опис на спорот и на околностите врз кои се заснова барањето,
   iv. барање,
   v. процена на вредноста на барањето, кога тоа не се однесува на паричен износ,
   vi. предлог за бројот на арбитрите, за јазикот на постапката и за седиштето на арбитражата ако странките за тоа предходно не се договориле,
   vii. номинација на еден или на повеќе арбитри ако тоа произлегува од арбитражната спогодба,
   viii. потврда за уплатена уписна такса.
2. Ако барањето за арбитража не ги содржи сите елементи од ставот 1, секретаријатот може да го повика тужителот да го дополни барањето за арбитража, во рок кој ќе го определи секретаријатот. Ако тужителот не постапи во согласност со повикот, секретаријатот може да ја запре постапката.
3. Кон барањето за арбитража, тужителот мора да го приложи својот даночен број (ако го има) или друга соодветна идентификациска ознака за данокот на додадена вредност.

## Член 6
### Уписна такса

1. При поднесувањето на барањето за арбитража тужителот мора да плати уписна такса во согласност со Додатокот II.

2. Секретаријатот нема да го достави барањето за арбитража до тужениот додека не се плати уписната такса.

3. Ако тужителот не ја плати уписната такса, секретаријатот ќе определи дополнителен рок за плаќање. Ако и во дополнителниот рок уписната такса не биде платена, секретаријатот може да ја запре постапката.

## Член 7
### Одговор на барањето за арбитража

1. Секретаријатот ќе го достави барањето за арбитража до тужениот и ќе го повика да одговори на него во рок од 30 дена..
2. Одговорот на барањето за арбитража мора да содржи:
   - i. имиња, адреси и податоци за контакт (електронски адреси, телефонски броеви, телефакс броеви) на странките и нивните полномошници,
   - ii. евентуален приговор за ненадлежност на советот конституиран врз основа на овие правила,
   - iii. изјава во врска со наводите на тужителот,
   - iv. одговор на барањето на тужителот,
   - v. одговор на проценатa на вредноста на барањето кога тоа не се однесува на паричен износ,
   - vi. предлог за бројот на арбитрите, за јазикот на постапката и за седиштето на арбитражата ако странките за тоа предходно не се договориле и
   - vii. номинација на еден или на повеќе арбитри, ако тоа произлегува од арбитражната спогодба.
3. Тужениот поднесува противтужба или приговор заради пребивање, по правило, со поднесувањето на одговорот на барањето за арбитража. На противтужбата и приговорот заради пребивање сообразно се применуваат одредбите од членот 5 од овие правила.

4. Кон одговорот на барањето за арбитража тужениот мора да го приложи својот даночен број (ако го има) или друга соодветена идентификациска ознака за данокот на додадена вредност.

5. Ако тужениот не одговори на барањето за арбитража, постапката продолжува во согласност со одредбите на овие правила.

### Член 8
### Рокови

1. Се смета дека писмената и известувањата се навремено испратени, ако се предадени последниот ден од рокот или пред тоа во согласност со членот 9 од овие правила.

2. Рокот започнува да тече наредниот ден од денот на кој се смета дека писменото или известувањето е примено во согласност со членот 9 од овие правила. Ако тој ден во местото на престојувалиштето или во седиштето на адресатот е државен празник или неработен ден, рокот започнува да тече првиот,нареден работен ден. Државните празници и неработните денови, во периодот кога тече рокот, се засметуваат во рокот. Ако во местото на престојувалиштето или во седиштето на адресатот последниот ден од рокот е државен празник или неработен ден, рокот истекува првиот нареден работен ден.

3. ЉАЦ може по барање на која било странка или по сопствена иницијатива да го продолжи или скрати кој било рок, кој го определила или е надлежна да го определи или да го измени.

### Член 9
### Писмена и известувања

1. Писмената и известувањата му се испраќаат на адресатот на последната позната адреса за прием на писмена. Писмената и известувањата може да се достават преку курирска служба, препорачано по пошта, преку електронска пошта, телефакс или на кој било друг начин со кој се обезбедува или овозможува потврда за испраќањето.

2. Кога странката има полномошник, се смета дека писменото или известувањето кое му било испратено на полномошникот ѝ е испратено на странката.

3. Писменото или известувањето се смета за примено на денот, кога фактички му било предадено на адресатот или на денот, кој во зависност од начинот на испраќање определен со ставот 1, може да се смета дека писменото или известувањето е примено.
4. Сите писмена и известувања (заедно со прилозите) мора да бидат поднесени во доволен број примероци (за ЉАЦ, за секоја странка и за секој арбитер), освен кога тие се испраќаат по електронска пошта.
5. Пред секретаријатот да му го предаде предметот на советот, странките мораат сите писмена и известувања да ги достават до ЉАЦ. Кога ЉАЦ ќе ги извести странките дека го предал предметот на советот, сите писмена и известувања странките ги испраќаат непосредно и истовремено,на советот и на спротивната странка, како и на ЉАЦ заради информирање..

### Член 10
### Одбивање на предметот

Претседателството може да го одбие предметот ако е очигледно (prima facie) дека не е постои надлежност за решавање на спорот според овие правила или ако странките се договориле за примена на правила кои суштествено отстапуваат од одредбите на овие правила, така што спроведувањето на постапката би било несразмерно отежнато.

### Член 11
### Спојување на постапките

1. По предлог на странките, претседателството може да спои две или повеќе постапки, кои се водат според овие правила:
   i. ако сите странки се согласни со тоа или
   ii. ако сите барања од постапките се опфатени со иста арбитражна спогодба или
   iii. кога сите барања од постапките не се опфатени со иста арбитражна спогодба, ако странките во постапките се исти, барањата произлегуваат од ист правен однос и претседателството оцени дека арбитражните спогодби се меѓусебно согласни.

2. При одлучување за спојување на постапките претседателството ги зема предвид сите околности, кои ги смета за релевантни, вклучувајќи ја и околноста дали барем во една постапка веќе бил именуван арбитер, а ако бил именуван, дали биле именувани исти или различни арбитри. Пред донесување на одлуката претседателството ќе се посоветува со странките и со веќе именуваните арбитри.
3. Ако странките не се договорат поинаку, постапките ќе се спојат со постапката која почнала прва.

### Член 12
**Придружување на странка**

Советот може по барање на која било странка да дозволи кон постапката како странка да се придружи едно или повеќе трети лица, под услов сите лица да се обврзани со иста арбитражна спогодба. Откако на сите странки, вклучувајќи ги и третите лица, им дал можност да се изјаснат за барањето за придружување на трето лице, советот може да не го дозволи придружувањето ако со тоа несразмерно би се повредиле интересите на која било странка.

## КОНСТИТУИРАЊЕ НА АРБИТРАЖНИОТ СОВЕТ

### Член 13
**Број на арбитри**

Странките можат да се договорат за бројот на арбитрите. Ако странките не се договорат за бројот на арбитрите, спорот ќе го решава арбитражен совет составен од тројца арбитри, освен ако претседателството поради сложеноста на предметот, вредноста на спорниот предмет или други околности не одлучи за спорот да решава арбитер-поединец.

## Член 14
### Именување на арбитри

1. Странките можат да се договорат за поинаков начин на именување на арбитрите од оној кој е предвиден со овие правила. Во случај кога советот не е конституиран во рокот кој го определиле странките, или во случај кога странките не определиле рок, во рокот кој го определил секретаријатот, арбитрите се именуваат во согласност со членовите 14 и 15 од овие правила.

2. Кога советот е составен од арбитер-поединец, странките го номинираат спогодбено. Ако странките не го номинираат спогодбено, секретаријатот ќе им определи рок во кој мораат да ја извршат номинацијата. Ако арбитерот-поединец не биде номиниран и во тој рок, него ќе го именува претседателството..

3. Кога советот е составен од повеќе арбитри, секоја странка номинира ист број арбитри. Така номинираните арбитри по потврдувањето, во рок од 15 дена по повикот од страна на секретаријатот, номинираат арбитер кој ќе биде претседател на советот. Ако некој од арбитрите не е номиниран во договорениот или од страна на секретаријатот определениот рок, арбитерот ќе го именува претседателството.

4. Номинираниот арбитер мора да биде потврден во согласно со членот 17 од овие правила и со тоа се смета дека е именуван за арбитер. Арбитрите се во договорен однос со странките и вршат услуги за странките.

5. Кога според овие правила претседателството именува арбитри, мора да води сметка за природата на спорот, материјалното право, седиштето на арбитражата, јазикот на постапката, државјанството односно припадноста на странките и другите околности на предметот.

## Член 15
### Именување на арбитри во случај на сопарничарство

1. Кога на страната на тужителот и/или тужениот има повеќе лица, арбитрите се именуваат на начин определен со членот 14 од овие правила, освен ако со овие правила не е поинаку определено.

2. Кога советот е составен од повеќе арбитри, а на страната на тужителот и/или тужениот има повеќе лица, тужителите односно тужените мораат заедно да номинираат ист број арбитри. Ако некоја од странките не ја изврши заедничката номинација во договорениот или од страна на секретаријатот определениот рок, арбитерот или арбитрите ги именува претседателството. По исклучок, претседателството може, откако на странките ќе им овозможи да се изјаснат, да ги поништи извршените именувања на арбитрите и да именува арбитер или арбитри и да определи кој арбитер ќе биде претседател на советот.

## Член 16
## Непристрасност и независност на арбитрите

1. Секој арбитер мора да биде непристрасен и независен.
2. Лицето именувано за арбитер, мора на секретаријатот да му поднесе потпишана изјава за прифаќање на функцијата, за својата достапност, непристрасност и независност. Во изјавата мора да ги наведе сите околности, кои би можеле да предизвикаат основано сомневање за неговата непристрасност и независност. Секретаријатот ќе им испрати копија од изјавата, на странките и на другите арбитри и ќе определи рок во кој можат да дадат забелешки.
3. Ако околностите од ставот 1 се појават во текот на постапката арбитерот мора за тоа без одлагање, писмено да ги извести странките, другите арбитри и ЉАЦ.

## Член 17
## Потврдување на арбитрите

1. За потврдување на номинираниот арбитер одлучува секретаријатот. Притоа секретаријатот ја зема предвид изјавата од членот 16 став 2 и сите околности кои би можеле да предизвикаат сомневање за неговата непристрасност и независност, достапноста и можноста за квалитетно и навремено извршување на задачите на арбитер, како и евентуалните забелешки на странките. Секретаријатот не мора да ја образложи својата одлука.

2. Ако потврдувањето на номинираниот арбитер е одбиено, секретаријатот ќе ја повика странката односно арбитрите, во рок кој ќе им го определи, повторно да извршат номинација. Во исклучителни случаи, по претходно советување со странките и другите арбитри, арбитерот може непосредно да го именува претседателството.
3. Советот е конституиран по потврдувањето на сите номинирани арбитри. Секретаријатот ќе ги извести странките дека советот е конституиран.

### Член 18
### Изземање на арбитрите

1. Изземање на арбитерот може да се побара само ако постојат околности, кои предизвикуваат основано сомневање за неговата непристрасност и независност или ако арбитерот ги нема квалификациите, за кои странките се договориле. Странката може да бара изземање на арбитерот, кој го номинирала или учествувала при неговата номинација, само поради причини за кои дознала по извршената номинацијата на арбитерот.
2. Странката може да бара изземање на арбитерот најдоцна во рок од 15 дена од денот кога дознала за околностите од ставот 1. Ако странката во тој рок не бара изземање се смета дека се одрекла од тоа право.
3. Барањето за изземање на арбитерот странката го доставува до секретаријатот. Барањето мора да биде во писмена форма и образложено.
4. За барањето за изземање секретаријатот ги известува арбитерот чиешто изземање се бара, другите странки и останатите арбитри и определува рок во којшто можат да се изјаснат за поднесеното барање за изземање.
5. Ако другите странки се согласуваат со изземањето на арбитерот или ако арбитерот сам се повлече од функцијата, ќе се именува заменик на арбитерот во согласност со членот 19 од овие правила. Фактот дека арбитерот се повлекол од својата функција или дека странките се договориле за негово изземање, не значи дека ги прифатил како основани причините за неговото изземање.

6. Ако другите странки не се согласат со изземањето на арбитерот или ако арбитерот сам не се повлече од функцијата, за барањето за изземање одлучува претседателството. Претседателството не мора да ја образложи својата одлука.

**Член 19**

**Разрешување на арбитри и именување на заменици арбитри**

1. Претседателството ќе го разреши арбитерот од неговата функција ако:
   i. сите странки се согласат арбитерот да се разреши,
   ii. арбитерот, поради правни или фактички причини, не е во состојба да ги извршува своите задачи или не ги извршува во согласност со овие правила,
   iii. го прифати повлекувањето на арбитерот,
   iv. го прифати барањето за изземање на арбитерот во согласност со членот 18 од овие правила.
2. Пред да ја донесе одлуката од ставот 1 точка 2 претседателството може на странките и на арбитерот да им даде можност да се изјаснат за разрешувањето. Претседателството не мора да ја образложи одлуката за разрешување.
3. Кога арбитерот е разрешен од својата функција или ако умре во текот на постапката, за именување на заменик на арбитерот сообразно се применуваат одредбите од членовите 13 до 17 од овие правила.
4. Кога за спорот решава совет составен од повеќе арбитри, претседателството, по исклучок, може да одлучи, останатите арбитри за предметот да одлучат сами. Притоа претседателството ќе ја земе предвид фазата во која се наоѓа постапката и другите околности на предметот. Пред да ја донесе одлуката претседателството ќе се посоветува со странките и со останатите арбитри.
5. По именувањето на заменик на арбитерот ново конституираниот совет одлучува дали и во кој обем е потребно да се повторат преземените процесни дејствија.

# ПОСТАПКА ПРЕД АРБИТРАЖНИОТ СОВЕТ

### Член 20
**Предавање на предметот на советот**

По конституирањето на советот и по уплатата на авансот на трошоците, секретаријатот му го предава предметот на советот.

### Член 21
**Водење на постапката**

1. Советот ја води постапката во согласност со овие правила и договорот на странките, на начин кој го смета за соодветен, при што со странките мора да постапува рамноправно и на секоја од нив, во која било фаза од постапката, да ѝ даде разумна можност да се изјасни за предметот. При извршувањето на своите дискрециони овластувања советот мора да ја води постапката, така што ќе ги спречи непотребните одолжувања и трошоци и ќе обезбеди правична и ефикасна постапка за решавање на спорот.

2. Сите учесници во постапката се должни да се однесуваат со добра волја и да сторат сѐ што е потребно за ефикасно водење на постапката и за избегување на непотребните трошоци и одолжувања. Ако странката се однесува спротивно на обврската од овој став, советот тоа може да го земе предвид при распределбата на трошоците на арбитражната постапка меѓу странките.

### Член 22
**Седиште на арбитражата**

1. Ако странките не се договориле за седиштето на арбитражата, седиштето ќе го определи претседателството, освен ако со оглед на околностите на предметот одлучи дека е посоодветно седиштето на арбитражата да го определи советот.

2. Советот, по предходно советување со странките, може да одржи усна расправа или да преземе друго процесно дејствие на кое било место кое го смета за соодветно.

3. Советот може да се состане и да се советува во кое било место кое го смета за соодветно.

4. Се смета дека арбитражната одлука е донесена во седиштето на арбитражата.

### Член 23
### Јазик на постапката

1. Ако странките не се договориле, на кој јазик или јазици ќе се води постапката, советот мора за тоа да одлучи веднаш по конституирањето. Притоа советот мора да ги има предвид околностите на предметот и на странките да им даде можност за тоа да се изјаснат.

2. Советот може да одлучи, кон одделен документ или доказ да се приложи превод на јазикот или на јазиците на постапката.

### Член 24
### Меродавно материјално право

1. Советот одлучува за спорот врз основа на правните правила, кои ги избрале странките за решавање на суштината на спорот. Изборот на правото или правниот систем на определена држава значи непосредно упатување на примена на материјалното право на таа држава, без правилата за судирот на законите.

2. Ако странките не го избрале материјалното право, советот одлучува врз основа на правните правила кои ги смета за соодветни.

3. Советот може да одлучува по правичност (amiable compositeur или ex aequo et bono) само врз основа на изрично овластување од странките.

4. Советот ќе одлучува во согласност со одредбите на договорот и ќе ги почитува трговските обичаи.

### Член 25
### Временски план за текот на постапката

1. По предавањето на предметот на советот, советот е должен без одлагање, по претходно советување со странките, да утврди временски план за текот на постапката.

2. Со временскиот план за текот на постапката советот ги определува роковите за поднесување тужба и одговор на тужбата и за евентуалните натамошни писмени поднесоци, датумот(ите) на усните расправи, датумот до кој советот ќе ја донесе арбитражната одлука и другите елементи кои ги смета за неопходни.
3. Советот е должен временскиот план за текот на постапката и неговите евентуални измени да им ги достави на странките и на ЉАЦ.

### Член 26
**Тужба**

1. Тужителот е должен во рокот определен од страна на советот, да им ја испрати тужбата на тужениот, на сите арбитри и на ЉАЦ.
2. Доколку тоа не е содржано во барањето за арбитража, тужбата треба да содржи:
   i. барање и
   ii. факти и правен основ врз кои тужителот го заснова барањето.
3. Кон тужбата, доколку е тоа можно, треба да се приложат исправите и другите докази на кои се повикува тужителот.

### Член 27
**Одговор на тужба**

1. Тужениот е должен во рок определен од страна на советот, да им го испрати одговорот на тужбата на тужителот, на сите арбитри и на ЉАЦ.
2. Доколку тоа не е содржано во одговорот на барањето за арбитража, одговорот на тужбата треба да содржи:
   i. наводи за тоа дали и во колкав обем тужениот го признава или го оспорува тужбеното барање, и
   ii. факти и причини врз кои тужениот ги заснова своите наводи.
3. Кон одговорот на тужбата, доколку е тоа можно, треба да се приложат и исправите и другите докази на кои се повикува тужениот.

4. На противтужбата и приговорот заради пребивање сообразно се применуваат одредбите од членот 26 од овие правила.

### Член 28
### Натамошни писмени поднесоци

Советот може по предходно советување со странките да одлучи кои видови писмени поднесоци освен тужбата и одговорот на тужбата треба да ги поднесат странките и да определи рок за нивно поднесување.

### Член 29
### Измена на барањето

Ако странките не се спогодат поинаку, странките можат во текот на постапката да ја изменат или дополнат тужбата, одговорот на тужбата, противтужбата или приговорот заради пребивање, само ако така изменети останат во рамките на арбитражната спогодба. Советот нема да дозволи измени, ако оцени дека поради тоа постапката несразмерно ќе се одолжи или дека поради тие измени несразмерно ќе бидат повредени интересите на другите странки или поради други оправдани причини.

### Член 30
### Надлежност на советот

1. Советот е надлежен да одлучува за својата надлежност, вклучувајќи ги и сите приговори, кои се однесуваат на постоењето или на полноважноста на арбитражната спогодба.

2. Странката мора да го поднесе приговорот за ненадлежност најдоцна во одговорот на тужбата, односно во случај на противтужба или приговор заради пребивање во одговорот на противтужбата или во одговорот на приговорот заради пребивање. Фактот дека странката номинирала арбитер или учествувала во постапката за негово именување, не влијае врз нејзиното право на приговор. Приговорот дека советот ги пречекорува границите на својата надлежност, странката мора да го поднесе веднаш кога советот ќе преземе дејствие за кое странката смета дека претставува пречекорување. Во двата случаи, советот може да го дозволи приговорот кој е поднесен подоцна во текот на постапката, ако смета дека задоцнувањето на странката е оправдано.

3. Советот одлучува за својата надлежност со решение или со арбитражната одлука. Советот може да продолжи со постапката и да донесе арбитражна одлука без оглед на тоа дали пред државниот суд се води постапка за оспорување на неговата надлежност.

### Член 31
**Докази**

1. Советот ја оценува допуштеноста, релевантноста, значењето и доказната сила на секој доказ.
2. Советот може кога било во текот на постапката од која било странка да побара, во определен рок:
   i. да објасни кои докази ги предлага и кои факти ги докажува со одделните докази,
   ii. да предложи исправи или други докази, за кои советот смета дека би можеле да бидат релевантни за исходот на постапката.

### Член 32
**Усна расправа**

1. Усна расправа ќе се одржи, по барање на некоја од странките или ако советот оцени дека тоа е потребно.
2. Советот мора навремено да ги извести странките за времето и местото на одржување на усната расправа.
3. Усната расправа не е јавна, освен ако странките не се договорат поинаку.
4. Советот одлучува дали за текот на усната расправа ќе се води записник и во каква форма.

### Член 33
**Сведоци**

1. Советот го определува начинот и текот на сослушувањето на сведоците и вештаците кои се именувани од страна на странките. Советот може да одлучи сведоците или вештаците да не бидат присутни при давањето изјави на другите сведоци или вештаци. Советот може да определи сослушување на сведоците и вештаците со употреба на телекомуникациски средства (на пример преку видеоконференција).

2. Советот може пред почетокот на секоја усна расправа од странките да побара да се изјаснат кој сведок или вештак го предлагаат и кои факти ги докажуваат со нивното сведочење..

3. Советот може по предходно советување со странките да одлучи, пред усната расправа и во рокот кој ќе го определи, одделно сведочење да се поднесе во форма на потпишана писмена изјава.

### Член 34
**Вештак именуван од страна на советот**

1. Советот може по советување со странките да именува еден или повеќе вештаци со задача да му дадат писмен наод и мислење за прашањата кои ќе ги утврди советот.

2. Советот може да побара од странките,да му ги дадат на вештакот сите релевантни податоци и да му ги достават или да му овозможат пристап до исправите, стоката или другите предмети и нивен преглед.

3. Добиениот наод и мислење на вештакот советот го доставува до странките и им дава можност да дадат писмени забелешки.

4. По барање на секоја странка вештакот може да се сослуша на усната расправа, на која странките можат да му поставуваат прашања и да доведат други вештаци, да дадат свое мислење за спорните прашања.

### Член 35
**Пропуштање на странките**

1. Ако тужителот, без оправдани причини, не поднесе тужба во определениот рок, советот ќе ја запре постапката, освен ако постојат други прашања за кои мора да одлучи и ако советот оцени дека тоа е потребно.

2. Ако тужениот, без оправдани причини, не поднесе одговор на тужбата во определениот рок, советот ќе ја продолжи постапката, а пропуштањето на тужениот, само по себе, нема да го смета за признание на наводите на тужителот.

3. Ако странката која била уредно известена, без оправдани причини не дојде на усната расправа, советот може да ја продолжи постапката.
4. Ако странката која била уредно повикана да поднесе исправи или други докази, без оправдани причини нема да го стори тоа, советот може да донесе одлука врз основа на доказите со кои располага.
5. Ако странката без оправдани причини не ги преземе дејствата, кои според овие правила или по барање на советот е должна ги преземе, советот ќе оцени какви последици ќе настанат од таквото нејзино однесување.

### Член 36
**Одрекување од правото на приговор**

Се смета дека странката се одрекла од правото на приговор поради непочитување на арбитражната спогодба, на овие правила или на други правила, кои се применуваат во постапката, ако знаела или можела да знае за непочитувањето, но и покрај тоа и понатаму учествувала во постапката и не поднела приговор поради непочитување без непотребно одлагање или во рокот кој бил определен за таков приговор.

### Член 37
**Привремени мерки**

1. Советот може, по барање на странката, да определи каква било привремена мерка, која ја смета за потребна. Советот може во врска со предложената привремена мерка да побара од странката соодветно обезбедување.
2. По исклучок, ако оцени дека е тоа итно, советот може да определи привремена мерка, пред да ѝ овозможи на спротивната странка да се изјасни за барањето. Во таков случај, советот е должен веднаш штом тоа ќе биде можно, на спротивната странка да ѝ овозможи да се изјасни за барањето и врз основа на нејзината изјава да ја преиспита одлуката за привремена мерка.
3. По барање на која било странка, а во исклучителни случаи, по претходно известување на странките, и по своја иницијатива, советот може да ја измени, задржи или отповика привремената мерка, која ја определил,

4. Со прифаќањето на овие правила странките се обврзуваат дека секоја привремена мерка ќе ја извршат без одлагање, односно во рокот кој го определил советот. Странката која бара привремена мерка, одговара за трошоците и за штетата коишто ќе ги предизвика мерката на која било странка, доколку советот подоцна утврди дека во тогашните услови мерката не би смеела да биде определена. Советот може да одлучи за барањата за враќање на така настанатите трошоци или штета, во секое време во текот на постапката.

5. Барањето за определување привремена мерка или друго средство за обезбедување, кое странката го поднела до државниот суд, не е неспоиво со арбитражната спогодба или со овие правила и не се смета за одрекување од арбитражната спогодба.

### Член 38
### Арбитер за итни случаи

1. Странката на која ѝ е потребна итна привремена мерка и која не може да чека до конституирањето на советот, може да бара постапка пред арбитер за итни случаи, која е уредена во Додатокот III.

2. Правилата за постапката пред арбитерот за итни случаи не се применуваат ако странките се договориле да ја исклучат примената на Додатокот III.

### Член 39
### Завршување на расправата

1. Кога советот ќе оцени дека странките имале доволно можности да се изјаснат за предметот, ќе прогласи дека расправата е завршена.

2. Во исклучителни случаи, советот може пред да ја донесе арбитражната одлука, по предлог на странките или по сопствена иницијатива, повторно да ја отвори расправата.

# АРБИТРАЖНА ОДЛУКА

**Член 40**
**Донесување на арбитражна одлука и решенија**

1. Кога советот е составен од повеќе арбитри, арбитражната одлука или решение ги донесува со мнозинство гласови од своите членови. Ако не може да се постигне мнозинство, арбитражната одлука или решението ги донесува претседателот на советот.
2. Советот може да донесе посебни арбитражни одлуки за одделните барања или прашања.
3. Советот може да го овласти претседателот на советот да одлучува за прашањата на постапката, но советот може процесната одлука подоцна да ја измени.
4. Ако некој од арбитрите без оправдана причина одбие да учествува при советувањето заради донесување на арбитражната одлука или решение, иако за тоа му била дадена разумна можност, тоа не ги спречува останатите арбитри да донесат одлука.

**Член 41**
**Форма и дејство на арбитражната одлука**

1. Арбитражната одлука се донесува во писмена форма. Советот мора да ги наведе причините врз кои се заснова арбитражната одлука, освен ако странките се договориле дека арбитражната одлука не треба да се образложи.
2. Арбитражната одлука е конечна и ги обврзува странките. Меѓу странките има дејство на правосилна судска пресуда. Со прифаќање на овие правила странките се обврзуваат дека секоја арбитражна одлука ќе ја извршат без одлагање односно во рокот, кој е определен со одлуката.
3. Арбитрите мора да ја потпишат арбитражната одлука и да го наведат датумот на нејзиното донесување и седиштето на арбитражата, определено во согласност со членот 22 од овие правила. Кога советот е составен од повеќе арбитри, а некој од арбитрите не ја потпише арбитражната одлука, во одлуката мора да се наведат причините зошто арбитерот не ја потпишал.

4. Советот без одлагање ќе му ја достави на секретаријатот арбитражната одлука, во доволен број потпишани примероци, за сите странки и за ЉАЦ,
5. Секретаријатот на сите примероци од арбитражната одлука ќе потврди дека станува збор за арбитражна одлука донесена врз основа на овие правила.
6. Секретаријатот на секоја странка ќе ѝ достави примерок од арбитражната одлука. Еден примерок од арбитражната одлука и потврдите за извршеното доставување на странките се чуваат кај ЉАЦ.

### Член 42
### Рок за донесување на конечна арбитражна одлука

Советот е должен конечната арбитражна одлука да ја донесе во рок од девет месеци откако му бил предаден предметот во согласност со членот 20 од овие правила. Поради оправдани причини, претседателството може, врз основа на образложен предлог на советот или по сопствена иницијатива, тој рок да го продолжи. Притоа советот може да побара објаснување за состојбата на предметот и за причините кои го оневозможиле донесувањето на арбитражната одлука во рокот.

### Член 43
### Порамнување и други причини за завршување на постапката

1. Ако пред донесувањето на конечната арбитражна одлука, странките се порамнат за спорот, советот ќе донесе решение за запирање на постапката или ако тоа го побараат странките, а советот се согласува, ќе го запише порамнувањето во форма на арбитражна одлука врз основа на порамнување. Така донесената арбитражна одлука советот не мора да ја образложи, а за неа се применуваат одредбите од членовите 40 и 41 од овие правила.
2. Ако пред донесување на арбитражната одлука, продолжувањето на постапката стане непотребно или невозможно поради која било причина, која не е наведена во ставот 1, советот ќе ги извести странките дека има намера да донесе решение за запирање на постапката. Советот може да донесе решение за запирање на постапката, освен ако некоја од странките поради оправдани причини, приговара на тоа.

## Член 44

**Исправка и толкување на арбитражната одлука и дополнителна одлука**

1. Во рок од 30 дена од приемот на арбитражната одлука секоја странка може, со известување до останатите странки и до секретаријатот, да побара од советот:

   i. исправка на печатните, пресметковните или другите слични грешки во арбитражната одлука,

   ii. толкување на одделни точки или делови од арбитражната одлука и

   iii. донесување на дополнителна арбитражна одлука за барањата кои биле истакнати во постапката, а за кои не било одлучено.

2. Советот ќе им овозможи на другите странки да се изјаснат за барањето од ставот 1. Ако советот смета дека барањето е основано, ќе ја исправи грешката во арбитражната одлука, односно ќе даде толкување на арбитражната одлука во рок од 30 дена, или ќе донесе дополнителна арбитражна одлука во рок од 60 дена од приемот на барањето. Претседателстото може од оправдани причини, врз основа на образложен предлог од советот, да ги продолжи роковите од овој став.

3. Советот може да ги исправи грешките во арбитражната одлука и по сопствена иницијатива во рок од 30 дена од донесувањето на арбитражната одлука.

4. На исправката, толкувањето на арбитражната одлука и на дополнителната арбитражна одлука се применуваат одредбите од членовите 40 и 41 од овие правила. Исправката односно толкувањето се составен дел на арбитражната одлука.

# ТРОШОЦИ НА АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

## Член 45
**Трошоци на арбитражата**

1. Трошоците на арбитражата се состојат од:
   i. награда за советот,
   ii. административни трошоци на ЉАЦ и
   iii. трошоци на советот и на ЉАЦ
2. Пред да ја донесе арбитражната одлука, советот од секретаријатот треба да го добие конечно утврдениот износ на трошоците на арбитражата. Секретаријатот го утврдува конечниот износ на трошоците на арбитражата во согласност со тарифата (Додаток II) која важи во времето на започнувањето на постапката.
3. Кога постапката ќе заврши пред донесување на конечна арбитражна одлука со решение за запирање на постапката или со арбитражна одлука врз основа на порамнување, секретаријатот ќе го утврди конечниот износ на трошоците на арбитражата, земајќи ја предвид фазата во која постапката завршила, работата кој ја извршил советот и другите релевантни околности. Во тој случај, висината на наградата за советот може да биде пониска од минималниот износ, кој произлегува од Додатокот II.
4. Во конечната арбитражна одлука, арбитражната одлука врз основа на порамнување или решението за запирање на постапката советот мора да ги вклучи трошоците на арбитражата, чиј конечен износ го утврдил секретаријатот и да ги раздели на награди и трошоци за секој арбитер поодделно и административни и други трошоци на ЉАЦ.
5. Ако странките поинаку не се спогодиле, советот по барање на која било странка ќе одлучи за начинот на распределба на трошоците на арбитражата меѓу странките, земајќи го предвид начелото на успех на странките во постапката и другите релевантни околности.

6. Странките се солидарно одговорни за плаќањето на трошоците на арбитражата, на арбитрите и на ЉАЦ.

7. Уписната такса, административните трошоци на ЉАЦ и наградата за советот, кои произлегуваат од Додатокот II, не го содржат евентуалниот данок на додадена вредност. По именувањето, арбитрите се должни на секретаријатот да му ја соопштат висината на данокот на додадена вредност, кој ќе се наплати на нивната награда.

### Член 46

### Трошоци на странките

Ако странките не се договориле поинаку, советот по барање на која било странка, во конечната арбитражна одлука, арбитражната одлука врз основа на порамнување или во решението за запирање на постапката ќе одлучи за надомест на разумните трошоци, кои ги имале странките во постапката, вклучувајќи ги и трошоците за правното застапување, земајќи го предвид начелото на успех на странките во постапката и другите релевантни околности.

### Член 47

### Аванс за покривање на трошоците на арбитражата

1. Секретаријатот го утврдува износот кој мора да го платат странките како аванс за покривање на трошоците на арбитражата (аванс).

2. Авансот одговара на висината на предвидените трошоци на арбитражата, определени во членот 45 став 1 од овие правила. Авансот се уплатува на банкарската сметка на ЉАЦ.

3. Тужителот и тужениот мора да уплатат по половина од износот на авансот, освен ако се утврдени посебни аванси. Ако покрај тужбата е поднесена и противтужба или приговор заради пребивање, секретаријатот може за секоја странка да одреди посебен аванс, што одговара на нејзиното барање. Ако авансот не е доволен за покривање на трошоците на арбитражата или во други оправдани случаи, секретаријатот може, по предлог на советот или по сопствена иницијатива, да им наложи на странките да уплатат дополнителен аванс.

4. Ако некоја од странките во рокот кој го определил секретаријатот не го уплати потребниот аванс, секретаријатот ќе ја повика спротивната странка да го уплати и ќе ѝ одреди рок за плаќање. Ако спротивната странка не ја изврши уплатата во согласност со повикот, секретаријатот може делумно или во целост да ја запре постапката. Ако една од странките ја изврши уплатата наместо другата странка, советот може на нејзино барање да донесе посебна арбитражна одлука, со која на другата странка ќе ѝ наложи да го надомести уплатениот дел од авансот.
5. По завршување на постапката, неискористениот дел од авансот им се враќа на странките.

# ЗАБРЗАНА АРБИТРАЖНА ПОСТАПКА

### Член 48
**Правила за забрзана арбитражна постапка**

1. Правилата за забрзана арбитражна постапка (забрзана постапка) се применуваат само доколку странките со арбитражната спогодба или подоцна изрично се договориле за забрзана постапка. Странките можат да се договорат за забрзана постапка најдоцна до поднесувањето на одговорот на барањето за арбитража.
2. Кога странките се договориле за забрзана постапка се применуваат Арбитражните правила на Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија со измените утврдени со овој член.
3. Ако странките не се договорат поинаку, во забрзаната постапка за спорот одлучува арбитер-поединец, освен ако претседателството,со оглед на сложеноста и другите околности на предметот,не одлучи за спорот да решава совет составен од тројца арбитри.
4. Кога советот е составен од арбитер-поединец, странките го номинираат спогодбено, во рок од 15 дена од повикот на секретаријатот. Ако арбитерот-поединец не е номиниран во тој рок, него го именува претседателството.

5. Кога советот е составен од повеќе арбитри, тужителот номинира арбитер во барањето за арбитража, а тужениот во рок од 15 дена од повикот на секретаријатот. Именуваните арбитри во рок од 15 дена од повикот на секретаријатот, номинираат арбитер кој ќе биде претседател на советот. Ако некој од арбитрите не е номиниран во рок, него го именува претседателството.

6. Конечната арбитражна одлука мора да биде донесена во рок од шест месеци од предавањето на предметот на советот во согласност со членот 20 од овие правила. Претседателството може да го продолжи рокот поради оправдани причини, врз основа на образложен предлог на советот или по сопствена иницијатива. Притоа претседателството може од советот да побара објаснувања за состојбата на предметот и причините за неможноста за донесување на арбитражната одлука во определениот рок.

7. Советот ја води забрзаната постапка на начин кој ќе му овозможи конечната арбитражна одлука да ја донесе во рокот определен во ставот 6. Ако советот не одлучи поинаку, се применуваат следниве одредби:

   i. по поднесувањето на одговорот на барањето за арбитража, по правило, странките имаат право да поднесат само тужба, одговор на тужба, евентуална противтужба односно приговор заради пребивање и одговор на нив;

   ii. сите писмена и известувања се испраќаат по електронска пошта;

   iii. роковите кои ги определува советот за поднесување писмени поднесоци, по правило, не се подолги од 15 дена;

   iv. освен ако странките се договорат, дека за спорот ќе се одлучува само врз основа на писмени поднесоци, советот може да одржи усна расправа;

   v. по одржаната усна расправа странките веќе не можат да поднесуваат писмени поднесоци;

   vi. советот мора накратко да ги наведе причините врз кои се заснова арбитражната одлука, освен ако странките се договориле дека арбитражната одлука не треба да се образложува.

# ОПШТИ ПРАВИЛА

**Член 49**
**Основно правило**

Во врска со сите прашања, кои со овие правила не се посебно уредени, советот, странките и ЉАЦ мораат да постапуваат во духот на овие правила и со цел да се обезбеди извршност на арбитражната одлука.

**Член 50**
**Доверливост**

1. Ако странките изрично не се договорат поинаку, ЉАЦ, арбитрите и арбитерот за итни случаи се должни да обезбедат доверливост на постапката, арбитражната одлука, решенијата и другите одлуки на советот. Ова обврска важи и за вештаците, кои ги именува советот и за членовите на претседателството и секретаријатот.

2. Ако странките изрично не се договорат поинаку, должни се како доверливи да ги чуваат арбитражните одлуки, решенијата и другите одлуки на советот и на ЉАЦ, како и сите документи кои во постапката ги поднела која било од странките и кои не се јавно достапни, освен во случај и во обем во кој странката е обврзана да ги открие или откривањето е неопходно за заштита или за остварување на нејзините права односно за извршување или за поништување на арбитражните одлуки пред државен суд.

3. Советувањата на советот се доверливи.

4. ЉАЦ може во анономна форма, која не овозможува идентификација на странките и на другите лица, да ја објави арбитражната одлука, решенијата и другите одлуки на советот и на ЉАЦ во стручни публикации, освен ако во рок од 60 дена од нивното донесување некоја од странките се противи на тоа во писмена форма.

**Член 51**
**Јазик на правилата**

Кога словенечкиот јазик не е јазик на постапката, англиската верзија на овие правила има поголема сила во однос на другите јазични верзии.

### Член 52
### Исклучување на одговорноста

Арбитрите, арбитерот за итни случаи, ЉАЦ, членовите на претседателството и секретаријатот, Стопанската комора на Словенија и нејзините вработени не се одговорни за штетата која настанала од која било услуга или пропуштање во врска со арбитражната постапка, ако исклучувањето на одговорноста е допуштено според важечкото право.

### Член 53
### Влегување во сила

Овие правила влегуваат во сила на 1 јануари 2014 година.

# ДОДАТОЦИ

# ДОДАТОК I
# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЉАЦ

### Член 1
**ЉАЦ**

1. Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија (ЉАЦ) е самостојна и независна институција, која обезбедува административна поддршка при решавањето на споровите.

2. Органи на ЉАЦ се претседателството и секретаријатот. Условите за работење и за извршување на задачите на ЉАЦ ги обезбедува Стопанската комора на Словенија.

### Член 2
**Задачи на ЉАЦ**

ЉАЦ:

i. го организира и обезбедува поддршка при решавањето на домашните спорови и споровите со меѓународен елемент преку арбитража, посредување и други алтернативни начини за решавање на спорови во согласност со своите правила и другите правила и постапки за кои се договориле странките;

ii. обезбедува информации во врска со арбитражата, посредувањето и другите алтернативни начини на решавање на споровите.

### Член 3
**Претседателство**

1. Претседателството е составено од претседател, потпретседател и пет членови.

2. Во одделни постапки, претседателството донесува одлуки за кои е надлежено, во согласност со овие правила или други правила на ЉАЦ за кои се договориле странките. Одлуките на претседателството се конечни и претседателството не е должно да ги образложи.

3. Седниците на претседателството ги свикува и води претседателот, а во негово отсуство потпретседателот. Тројца членови на претседателството го сочинуваат кворумот за полноважно одлучување. Претседателството донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови. Ако не може да се постигне мнозинство, претседателот има одлучувачки глас. Членовите на претседателството не можат да се воздржат од гласање.
4. Во итни случаи, во име на претседателството, одлука донесува претседателот, а во негово отсуство, потпретседателот.
5. Членот на претседателството нема право на глас, ако станува збор за одлучување во постапката во која е именуван за арбитер. Тој факт не влијае врз потребниот кворум за полноважно одлучување.

### Член 4
### Именување на претседателството

1. Претседателството го именува управниот одбор на Стопанската комора на Словенија.
2. Мандатот на претседателот, потпретседателот и членовите на претседателството трае четири години со можност за повторно именување.
3. Во исклучителни случаи управниот одбор на Стопанската комора на Словенија може да го отповика членот на претседателството. Ако на членот на претседателството му престане мандатот поради оставка, отповикување или поради која било друга причина, управниот одбор на Стопанската комора на Словенија, за преостанатиот дел од мандатот, ќе именува нов член на претседателството.

### Член 5
### Секретаријат

1. Секретаријатот има стручна служба, која врши надзор над ефикасноста на текот на постапките и работата на арбитрите и врши други задачи во согласност со овие правила. Со секретаријатот раководи генерален секретар.

2. Во одделни постапки, секретаријатот донесува одлуки за кои е надлежен во согласност со овие правила или со други правила на ЉАЦ за кои странките се договориле. Одлуките на секретаријатот се конечни и секретаријатот не е должен да ги образложи.

3. Секретаријатот може да одлучува за одделни прашања од надлежност на претседателството, кои му ги пренело претседателството.

### Член 6
### Именување на генерален секретар

Генералниот секретар го именува претседателот на Стопанската комора на Словенија со согласност на претседателот на ЉАЦ, за мандатен период од четири години, со можност за повторно именување.

### Член 7
### Работа на ЉАЦ

ЉАЦ ја штити доверливоста на постапките, арбитражните одлуки, решенијата и другите одлуки. Во сите постапки, ЉАЦ дејствува непристрасно и во духот на ефикасноста на постапката.

# ДОДАТОК II
# ТАРИФА

### Член 1
**Уписна такса**

1. Уписната такса од членот 6 од овие правила изнесува 1.000 ЕУР и е неповратна.
2. Уписната такса е вклучена во административните трошоци на ЉАЦ од членот 3 на овој додаток.
3. Уписната такса се засметува во делот од авансот кој мора да го уплати тужителот во согласност со членот 47 од овие правила.

### Член 2
**Награда за советот**

1. Секретаријатот ја утврдува висината на наградата за претседателот на советот и за арбитерот-поединец врз основа на табелата А. Наградата за арбитерот-поединец е за 20% повисока од наградата за претседателот на советот.
2. Секој од членовите на советот добива 60% од наградата за претседателот на советот. По советување со советот, секретаријатот може да определи поинаков процент за награда за член на советот.
3. Вредноста на спорниот предмет се определува како збир на вредноста на сите тужбени барања и на барањата од противтужбите. Тоа важи и за приговорите заради пребивање, освен ако нивното решавање не претставува значително зголемување на работата. Кога вредноста на спорниот предмет не е можно да се утврди, секретаријатот при утврдување на висината на наградата за советот ќе ги земе предвид сите релевантни околности на предметот.
4. Секретаријатот при утврдувањето на висината на наградата за советот ја зема предвид грижливоста и ефикасноста на арбитрите, обемот на извршената работа, сложеноста на предметот, ефикасноста на текот на постапката и навременото донесување

на арбитражната одлука. Во исклучителни случаи секретаријатот може да отстапи од износите кои произлегуваат од табелата А.

### Член 3
### Административни трошоци на ЉАЦ

1. Секретаријатот ги утврдува административните трошоци на ЉАЦ врз основа на табелата Б.
2. Вредноста на спорниот предмет се утврдува како збир на вредноста на сите тужбени барања и на барањата од противтужбите. Тоа важи и за приговорите заради пребивање, освен ако нивното решавање не претставува значително зголемување на работата. Кога вредноста на спорниот предмет не е можно да се утврди, секретаријатот при утврдување на висината на административните трошоци на ЉАЦ ќе ги земе предвид сите релевантни околности на предметот.
3. Во исклучителни случаи секретаријатот може да отстапи од износите кои произлегуваат од табелата Б.

### Член 4
### Трошоци на советот и на ЉАЦ

1. Покрај наградата за советот и административните трошоци на ЉАЦ, секретаријатот ја утврдува и висината на износот за покривање на разумните трошоци, кои ги направиле одделните арбитри и ЉАЦ.
2. Трошоците на советот може да ги содржат и наградите и трошоците за вештаците, кои во согласност со членот 34 од овие правила ги именува советот.
3. ЉАЦ усвојува упатства за пресметувањето на трошоците на советот, кои се наменети за арбитрите.

## ТАБЕЛА А

| Вредност на спорниот предмет | Награда за претседателот на советот[1] | |
|---|---|---|
| (во ЕУР) | Минимум (во ЕУР) | Максимум (во ЕУР) |
| до 25.000 | **1.800** | **2.700** |
| од 25.000 до 50.000 | **1.800** + 2,8 % од вредноста над 25.000 | **2.700** + 4,2 % од вредноста над 25.000 |
| од 50.000 до 100.000 | **2.500** + 4,2 % од вредноста над 50.000 | **3.750** + 6,3 % од вредноста над 50.000 |
| од 100.000 до 250.000 | **4.600** + 1,6 % од вредноста над 100.000 | **6.900** + 2,4 % од вредноста над 100.000 |
| од 250.000 до 500.000 | **7.000** + 1,56 % од вредноста над 250.000 | **10.500** + 2,34 % од вредноста над 250.000 |
| од 500.000 до 1,000.000 | **10.900** + 1,22 % од вредноста над 500.000 | **16.350** + 1,83 % од вредноста над 500.000 |
| од 1,000.000 до 2,000.000 | **17.000** + 0,64 % од вредноста над 1,000.000 | **25.500** + 0,96 % од вредноста над 1,000.000 |
| од 2,000.000 до 5,000.000 | **23.400** + 0,42 % од вредноста над 2,000.000 | **35.100** + 0,63 % од вредноста над 2,000.000 |
| од 5,000.000 до 10,000.000 | **36.000** + 0,34 % од вредноста над 5,000.000 | **54.000** + 0,51 % од вредноста над 5,000.000 |
| од 10,000.000 до 20,000.000 | **53.000** + 0,2 % од вредноста над 10,000.000 | **79.500** + 0,3 % од вредноста над 10,000.000 |
| од 20,000.000 до 50,000.000 | **73.000** + 0,12 % од вредноста над 20,000.000 | **109.500** + 0,18 % од вредноста над 20,000.000 |
| од 50,000.001 | **ја определува претседателството** | |

1 Наградата за арбитерот поединец е за 20% повисока од наградата за претседателот на советот.

## ТАБЕЛА Б

| Вредност на спорниот предмет (во ЕУР) | Административни трошоци на ЛЪАЦ (во ЕУР) |
|---|---|
| до 25.000 | **2.000** |
| од 25.000 до 50.000 | **2.000** + 2 % од вредноста над 25.000 |
| од 50.000 до 100.000 | **2.500** + 2 % од вредноста над 50.000 |
| од 100.000 до 250.000 | **3.500** + 1 % од вредноста над 100.000 |
| од 250.000 до 500.000 | **5.000** + 1 % од вредноста над 250.000 |
| од 500.000 до 1,000.000 | **7.500** + 0,4 % од вредноста над 500.000 |
| од 1,000.000 до 2,000.000 | **9.500** + 0,31 % од вредноста над 1,000.000 |
| од 2,000.000 до 5,000.000 | **12.600** + 0,08 % од вредноста над 2,000.000 |
| од 5,000.000 до 10,000.000 | **15.000** + 0,06 % од вредноста над 5,000.000 |
| од 10,000.000 до 20,000.000 | **18.000** + 0,02 % од вредноста над 10,000.000 |
| од 20,000.000 до 50,000.000 | **20.000** + 0,005 % од вредноста над 20,000.000 |
| од 50,000.001 | **21.500** |

# ДОДАТОК III
# ПОСТАПКА ПРЕД АРБИТЕР ЗА ИТНИ СЛУЧАИ

## Член 1
**Арбитер за итни случаи**

1. Постапката пред арбитерот за итни случаи почнува по барање на странка во согласност со членот 38 од овие правила.
2. Арбитерот за итни случаи има надлежност наведена во членот 38 став 1 и 2 од овие правила.
3. Надлежноста на арбитерот за итни случаи престанува, кога предметот ќе се предаде на советот во согласност со членот 20 од овие правила, односно кога привремената мерка ќе престане да ги обврзува странките во случаите од членот 7 став 3 од овој додаток,.
4. Кога предметот му е предаден на советот пред арбитерот за итни случаи да определи привремена мерка, арбитерот за итни случаи ќе ја задржи надлежноста за определување на привремена мерка во рокот од членот 6 став 2 од овој додаток.

## Член 2
**Барање за постапка пред арбитер за итни случаи**

1. Барањето за постапка пред арбитер за итни случаи (барањето) странката, по правило, го поднесува до ЉАЦ преку електронска пошта.
2. Барањето мора да содржи:
   i. имиња, адреси и контакт податоци (електронски адреси, телефонски броеви, телефакс броеви) на странките и нивните полномошници,
   ii. копија од арбитражната спогодба или ако не постои посебна исправа за тоа, опис и евентуални докази за постоење на арбитражната спогодба,
   iii. опис на спорот,

iv. бараната привремена мерка и причините поради кои се бара привремената мерка,

v. причините за итност, поради кои определувањето на привремената мерка не може да почека до конституирање на советот,

vi. предлог за јазикот и за седиштето на постапката пред арбитерот за итни случаи и за меродавното материјално право и

vii. доказ за платените трошоци за постапката пред арбитерот за итни случаи, во согласност со членот 8 од овој додаток.

3. Барањето мора да биде поднесено на јазикот за кој странките се договориле дека е јазик на арбитражната постапка. Ако странките за тоа не се договориле, барањето мора да биде поднесено на јазикот на кој е составена арбитражната спогодба.

4. Кога странката бара постапка пред арбитер за итни случаи пред поднесувањето на барањето за арбитража, барањето за арбитража мора да го поднесе во рок од 10 дена од денот кога секретаријатот го примил барањето за постапка пред арбитер за итни случаи. Во спротивно секретаријатот ќе ја запре постапката пред арбитерот за итни случаи.

5. По приемот на барањето за постапка пред арбитер за итни случаи секретаријатот без одлагање ќе ѝ го достави на спротивната странка.

### Член 3
### Именување на арбитер за итни случаи

1. Претседателството именува арбитер за итни случаи, што е можно побрзо, по правило, во рок од 48 часа од приемот на барањето. По именувањето, секретаријатот на арбитерот за итни случаи без одлагање му го предава предметот.

2. Претседателството нема да именува арбитер за итни случаи, кога од барањето произлегува дека очигледно (prima facie) не постои надлежност за одлучување според овие правила.

3. Арбитерот за итни случаи мора да биде непристрасен и независен. Арбитерот е должен да ги наведе сите околност, кои би можеле да предизвикаат основано сомневање за неговата непристрасност и независност. За арбитерот за итни случаи се применува членот 18 од овие правила, со исклучок на рокот од членот 18 став 2 од овие правила, кој е скратен на три дена.
4. Ако странките не се договориле поинаку, арбитерот за итни случаи не смее да биде именуван за арбитер во која било друга постапка која се однесува на спорот во врска со кој постапувал како арбитер за итни случаи.

### Член 4
### Седиште на постапката пред арбитерот за итни случаи

Седиштето на постапката пред арбитерот за итни случаи е исто со седиштето за кое странките се договориле дека е седиште на арбитражата. Ако странките не се договориле за седиштето на постапката пред арбитерот за итни случаи, седиштето е во Љубљана, освен ако претседателството со оглед на околностите на предметот не одлучи поинаку.

### Член 5
### Водење на постапката пред арбитерот за итни случаи

Арбитерот за итни случаи ја води постапката на начин кој го смета за соодветен, при што мора да води сметка за околностите на предметот и за итноста на постапката. Во секој случај арбитерот за итни случаи мора со странките да постапува рамноправно и на секоја од нив да ѝ даде разумна можност да се изјасни за предметот.

### Член 6
### Одлука за привремена мерка

1. Одлуката за привремена мерка арбитерот за итни случаи ја донесува во форма на решение.
2. Арбитерот за итни случаи мора да го донесе решението во рок од 15 дена од денот кога секретаријатот му го предал барањето во согласност со членот 3 став 1 од овој додаток. Поради оправдани причини, претседателството може по предлог на арбитерот за итни случаи или по сопствена иницијатива да го продолжи рокот. Притоа претседателството може

од арбитерот за итни случаи да побара да даде објаснувања за состојбата на предметот и за причините за недонесувањето на решението во рокот.

3. Решението мора:

   i. да биде донесено во писмена форма,

   ii. да го содржи датумот на донесување, седиштето на постапката пред арбитерот за итни случаи и причините на кои се заснова, и

   iii. да биде потпишано од страна на арбитерот за итни случаи.

4. Арбитерот за итни случаи е должен решението веднаш да го достави до странките и до ЉАЦ.

**Член 7**

**Дејство на привремената мерка**

1. Привремената мерка ги обврзува странките. Со прифаќањето на овие правила странките се обврзуваат дека секоја привремена мерка ќе ја извршат без одлагање односно во рокот кој ќе го определи арбитерот за итни случаи.

2. Врз основа на образложен предлог од која било странка, арбитерот за итни случаи може привремената мерка да ја измени, задржи или отповика.

3. Привремената мерка престанува да ги обврзува страните:

   i. ако постапката пред арбитерот за итни случаи е запрена во согласност со членот 2 став 4 од овој додаток,

   ii. ако се усвои барањето за изземање на арбитерот за итни случаи.

   iii. ако така одлучи арбитерот за итни случаи или советот и

   iv. со завршување на арбитражната постапка, освен ако советот не одлучи поинаку.

4. Привремената мерка на арбитерот за итни случаи и причините за нејзино донесување не го обврзуваат советот.

**Член 8**
**Трошоци на постапката**

1. Странката е должна при поднесување на барањето да ги плати трошоците на постапката пред арбитерот за итни случаи.
2. Трошоците на постапката пред арбитерот за итни случаи се состојат од:
   i. награда за арбитерот за итни случаи во висина од 10.000 ЕУР и
   ii. неповратна административна такса во висина од 3.000 ЕУР.
3. Трошоците на постапката не го вклучуваат евентуалниот данок на додадена вредност.
4. Претседателството може по предлог на арбитерот за итни случаи или по сопствена иницијатива да одлучи за зголемување или за намалување на трошоците на постапката, при што ги зема предвид околностите на предметот, работата извршена од страна на арбитерот за итни случаи и од ЉАЦ, како и другите релевантни околности.
5. Ако странката не ги плати трошоците на постапката во рокот, секретаријатот нема да постапува по барањето односно ќе ја запре постапката.
6. На барање на странката, советот во арбитражната одлука ќе одлучи за начинот на распределба на трошоците на постапката пред арбитерот за итни случаи меѓу странките.

**Член 9**
**Општо правило**

За сите прашања кои со овој додаток не се посебно уредени, арбитерот за итни случаи, претседателството и секретаријатот ќе постапуваат во духот на овој додаток и на Арбитражните правила на Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија.

# ДОДАТОК IV
# ТАРИФА НА ТРОШОЦИ ЗА ЗАБРЗАНА АРБИТРАЖНА ПОСТАПКА СОГЛАСНО СО ЧЛЕНОТ 48 ОД АРБИТРАЖНИТЕ ПРАВИЛА НА ЉУБЉАНСКИОТ АРБИТРАЖЕН ЦЕНТАР ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЛОВЕНИЈА

### Член 1
**Уписна такса**

1. Уписната такса од членот 6 од овие правила изнесува 1.000 ЕУР и е неповратна.
2. Уписната такса е вклучена во административните трошоци на ЉАЦ од членот 3 на овој додаток.
3. Уписната такса се засметува во делот од авансот кој мора да го уплати тужителот во согласност со членот 47 од овие правила.

### Член 2
**Награда за советот**

1. Секретаријатот ја утврдува висината на наградата за претседателот на советот и за арбитерот-поединец врз основа на табелата А. Наградата за арбитерот-поединец е за 20% повисока од наградата за претседателот на советот.
2. Секој од членовите на советот добива 60% од наградата за претседателот на советот. По советување со советот, секретаријатот може да определи поинаков процент за награда за член на советот.
3. Вредноста на спорниот предмет се определува како збир на вредноста на сите тужбени барања и на барањата од противтужбите. Тоа важи и за приговорите заради пребивање, освен ако нивното решавање не претставува значително зголемување на работата. Кога вредноста на спорниот предмет не е можно да се утврди, секретаријатот при утврдување на висината на наградата за советот ќе ги земе предвид сите релевантни околности на предметот.

4. Секретаријатот при утврдувањето на висината на наградата за советот ја зема предвид грижливоста и ефикасноста на арбитрите, обемот на извршената работа, сложеноста на предметот, ефикасноста на текот на постапката и навременото донесување на арбитражната одлука. Во исклучителни случаи секретаријатот може да отстапи од износите кои произлегуваат од табелата А.

### Член 3
### Административни трошоци на ЉАЦ

1. Секретаријатот ги утврдува административните трошоци на ЉАЦ врз основа на табелата Б.
2. Вредноста на спорниот предмет се утврдува како збир на вредноста на сите тужбени барања и на барањата од противтужбите. Тоа важи и за приговорите заради пребивање, освен ако нивното решавање не претставува значително зголемување на работата. Кога вредноста на спорниот предмет не е можно да се утврди, секретаријатот при утврдување на висината на административните трошоци на ЉАЦ ќе ги земе предвид сите релевантни околности на предметот.
3. Во исклучителни случаи секретаријатот може да отстапи од износите кои произлегуваат од табелата Б.

### Член 4
### Трошоци на советот и на ЉАЦ

1. Покрај наградата за советот и административните трошоци на ЉАЦ, секретаријатот ја утврдува и висината на износот за покривање на разумните трошоци, кои ги направиле одделните арбитри и ЉАЦ.
2. Трошоците на советот може да ги содржат и наградите и трошоците за вештаците, кои во согласност со членот 34 од овие правила ги именува советот.
3. ЉАЦ усвојува упатства за пресметувањето на трошоците на советот, кои се наменети за арбитрите.

### Член 5
### Влегување во сила

Овој Додаток влегува во сила на 1 март 2019 година и ќе се применува на сите арбитражни постапки поведени по 28 февруари 2019 година согласно со членот 48 од Правилата.

## ТАБЕЛА А

| Вредност на спорниот предмет | Награда за претседателот на советот[1] | |
|---|---|---|
| (во ЕУР) | Минимум (во ЕУР) | Максимум (во ЕУР) |
| до 25.000 | **720** | **1.080** |
| од 25.000 до 50.000 | **720** + 1,4 % од вредноста над 25.000 | **1.080** + 2,1 % од вредноста над 25.000 |
| од 50.000 до 100.000 | **1.000** + 2,1 % од вредноста над 50.000 | **1.500** + 3,15 % од вредноста над 50.000 |
| од 100.000 до 250.000 | **1.840** + 1,6 % од вредноста над 100.000 | **2.760** + 2,4 % од вредноста над 100.000 |
| од 250.000 до 500.000 | **7.000** + 1,56 % од вредноста над 250.000 | **10.500** + 2,34 % од вредноста над 250.000 |
| од 500.000 до 1,000.000 | **10.900** + 1,22 % од вредноста над 500.000 | **16.350** + 1,83 % од вредноста над 500.000 |
| од 1,000.000 до 2,000.000 | **17.000** + 0,64 % од вредноста над 1,000.000 | **25.500** + 0,96 % од вредноста над 1,000.000 |
| од 2,000.000 до 5,000.000 | **23.400** + 0,42 % од вредноста над 2,000.000 | **35.100** + 0,63 % од вредноста над 2,000.000 |
| од 5,000.000 до 10,000.000 | **36.000** + 0,34 % од вредноста над 5,000.000 | **54.000** + 0,51 % од вредноста над 5,000.000 |
| од 10,000.000 до 20,000.000 | **53.000** + 0,2 % од вредноста над 10,000.000 | **79.500** + 0,3 % од вредноста над 10,000.000 |
| од 20,000.000 до 50,000.000 | **73.000** + 0,12 % од вредноста над 20,000.000 | **109.500** + 0,18 % од вредноста над 20,000.000 |
| од 50,000.001 | **ја определува претседателството** | |

1 Наградата за арбитерот поединец е за 20% повисока од наградата за претседателот на советот.

## ТАБЕЛА Б

| Вредност на спорниот предмет (во ЕУР) | Административни трошоци на ЉАЦ (во ЕУР) |
|---|---|
| до 25.000 | **1.000** |
| од 25.000 до 50.000 | **1.000** + 2 % од вредноста над 25.000 |
| од 50.000 до 100.000 | **1.500** + 2 % од вредноста над 50.000 |
| од 100.000 до 250.000 | **2.500** + 1 % од вредноста над 100.000 |
| од 250.000 до 500.000 | **5.000** + 1 % од вредноста над 250.000 |
| од 500.000 до 1,000.000 | **7.500** + 0,4 % од вредноста над 500.000 |
| од 1,000.000 до 2,000.000 | **9.500** + 0,31 % од вредноста над 1,000.000 |
| од 2,000.000 до 5,000.000 | **12.600** + 0,08 % од вредноста над 2,000.000 |
| од 5,000.000 до 10,000.000 | **15.000** + 0,06 % од вредноста над 5,000.000 |
| од 10,000.000 до 20,000.000 | **18.000** + 0,02 % од вредноста над 10,000.000 |
| од 20,000.000 до 50,000.000 | **20.000** + 0,005 % од вредноста над 20,000.000 |
| од 50,000.001 | **21.500** |

# СТАНДАРДНИ АРБИТРАЖНИ КЛАУЗУЛИ

# Арбитражна постапка

Секој спор, несогласување или барање кое произлегува од овој договор или е во врска со овој договор, вклучувајќи ги и неговото непочитување, престанок или полноважност ќе биде конечно решен во арбитражната постапка во согласност со Арбитражните правила на Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија.

*Додатоци кои се препорачуваат:*

- *Арбитражниот совет ќе биде составен од [тројца арбитри / арбитер-поединец].*
- *Седиштето на арбитражата ќе биде [град и држава].*
- *Арбитражната постапка ќе се води на [...] јазик.*
- *За суштината на спорот ќе се применува[...] право.*

## Забрзана арбитражна постапка

Секој спор, несогласување или барање кое произлегува од овој договор или е во врска со овој договор, вклучувајќи ги и неговото непочитување, престанок или полноважност ќе биде конечно решен во арбитражната постапка во согласност со Арбитражните правила на Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија, со примена на правилата за забрзана арбитражна постапка.

*Додатоци кои се препорачуваат:*

- *Арбитражниот совет ќе биде составен од [тројца арбитри / арбитер-поединец].*
- *Седиштето на арбитражата ќе биде [град и држава].*
- *Арбитражната постапка ќе се води на [...] јазик.*
- *За суштината на спорот ќе се применува[...] право.*

## Арбитражна постапка без арбитер за итни случаи

Секој спор, несогласување или барање кое произлегува од овој договор или е во врска со овој договор, вклучувајќи ги и неговото непочитување, престанок или полноважност ќе биде конечно решен во арбитражната постапка во согласност со Арбитражните правила на на Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија. Правилата за постапката пред арбитер за итни случаеви не се применуваат.

*Додатоци кои се препорачуваат:*

- *Арбитражниот совет ќе биде составен од [тројца арбитри / арбитер-поединец].*
- *Седиштето на арбитражата ќе биде [град и држава].*
- *Арбитражната постапка ќе се води на [...] јазик.*
- *За суштината на спорот ќе се применува[...] право.*

# Примена на стандардните арбитражни клаузули

На странките кои сакат да изнесат спор за решавање пред Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија, им се препорачува, во договорот да вклучат една од горе наведените стандардни арбитражни клаузули.

Со вклучување на стандардната арбитражната клаузула во договорот, странките се договараат дека спорот ќе го решат во арбитражна постапка пред Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија и така си обезбедуваат брзо, ефикасно и стручно решавање на спорот. Стандардните арбитражните клаузули странките можат да ги дополнат или да ги прилагодат во согласност со своите потреби односно со околностите. При обликувањето на арбитражните клаузули странките можат да договорат, на пример, поинаков број арбитри, од оној определен со Љубљанските арбитражни правила (Љубљанските арбитражни правила во основа предвидуваат дека арбитражниот совет е составен од тројца арбитри). Исто така странките можат во арбитражната клаузула да го определат седиштето на арбитражата, јазикот на кој ќе се води арбитражната постапка и материјалното право кое ќе се применува на содржината на спорниот однос.

Кога станува збор за поедноставни спорови или спорови од помала вредност, каде што брзината на решавање е од посебен интерес за странките, во договорот можат да вклучат посебна стандардна арбитражна клаузула, со која се определува примена на правилата за забрзана арбитражна постапка (член 48 од Љубљанските арбитражни правила).

Љубљанските арбитражни правила ја уредуваат и посебната постапка пред арбитерот за итни случаи (Додаток III). Кога странките сакаат да ја исклучат примената на постапката пред арбитерот за итни случаи, се препорачува во договорот да вклучат посебна стандардна арбитражна клаузула, со која се исклучува примената на правилата за постапката пред арбитерот за итни случаи (Додаток III од Љубљанските арбитражни правила).

При обликувањето на арбитражната клаузула странките мораат да бидат внимателни. Важно е арбитражната клаузула да биде составена така што од неа јасно и недвосмислено ќе произлегува договорот на странките дека евентуалниот спор ќе биде конечно решен со арбитража (а не пред државен суд) и дека ќе го решава Љубљанскиот арбитражен центар при Стопанската комора на Словенија. Нејасната или двосмислената арбитражна клаузула може суштествено да ја отежне арбитражната постапка или во краен случај да ја оневозможи.

Повеќе информации за арбитражната постапка и за преводите на стандардните арбитражни клаузули на други јазици може да се најдат на веб страната www.sloarbitration.eu.

Љубљански арбитражен центар
при Стопанската комора на Словенија
Димичева улица 13, 1504 Љубљана, Словенија

www.sloarbitration.eu

Секретаријат:
t: +386 1 58 98 180
f: +386 1 58 98 400
arbitraza.lj@gzs.si

www.sloarbitration.eu